**ЗАПИСНИК**
**од 31-та седница на Советот на Агенцијата за аудио**
**и аудиовизуелни медиумски услуги**
**одржана на 12.08.2022 година**

**Присутни членови на Советот на Агенцијата преку видео конференциска врска:** Лазо Петрушевски претседател на Советот на АААМУ, Селвер Ајдини заменик на претседател на Советот на АААМУ, м-р Алма Машовиќ, Лазар Трајчев, д-р Методија Јанчески, Зоран Фиданоски.

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата: /**

**На седницата преку видео конференциска врска беше присутен д-р Зоран Трајчевски директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.**

**Присутни од Стручната служба преку видео конференциска врска**: м-р Драгица Љубевска, Горан Радуновиќ, м-р Емилија Јаневска, м-р Магдалена Давидовска Довлева, м-р Арбен Саити, м-р Александар Џуваревиќ, Маја Дамевска, м-р Ружица Бошнакоска Јотевска, д-р Ивана Стојановска.

**Други присутни: /**

Г-дин Петрушевски ја отвори 31-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Седницата започна во 10:30 часот и се одржа преку видео конференциска врска.

Советот на Агенцијата едногласно го усвои следниот:

## Д Н Е В Е Н   Р Е Д

1. Усвојување на Предлог-записник од 6-та јавна седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 08.08.2022 година.
2. Усвојување на Предлог-записник од 30-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 08.08.2022 година.
3. Предлог-информација до надлежниот орган во врска со наводи на радиодифузер за повреда на неговите права.
4. Предлог за изрекување мерка јавна опомена на операторот МТЕЛ од Скопје за прекршување на член 141 од ЗААВМУ.
5. Предлог за изрекување мерка јавна опомена на операторот ВИВА НЕТ од Берово за прекршување на член 141 од ЗААВМУ.
6. Предлог за изрекување мерка јавна опомена на ТРД Плус Форте од Тетово за прекршување на член 15 од Законот за медиуми.
7. Предлог за изрекување мерка јавна опомена на ТРД ТВ ЕРА ДООЕЛ Скопје за прекршување на член 64 став 1 од ЗААВМУ.

8. Предлог за изрекување мерка јавна опомена на ТРД ТВ М Арнаудов Михајло Охрид ДООЕЛ за прекршување на член 64 став 1 од ЗААВМУ.
9. Предлог за изрекување мерка јавна опомена на ТРД ТВ ЕРА ДООЕЛ Скопје за прекршување на член 92 ставови 1 и 3 од ЗААВМУ.
10. Предлог за изрекување мерка јавна опомена на ТРД ТВ-СТАР ДОО Штип за прекршување на член 98 став 2 од ЗААВМУ.
11. Предлог за дообезбедување на средства потребни за реализација на договорот за јавна набавка - стока: Пијалаци за потребите на Агенцијата.
12. Предлог за дообезбедување на средства потребни за реализација на договорот за јавна набавка - стока: Канцелариски материјали.
13. Разно.

**Точка 1**

Советот го разгледа и со 5 гласа „за" и еден воздржан глас од г-дин Трајчев го усвои Записникот од 6-та јавна седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 08.08.2022 година, со текст како што беше предложен.

**Точка 2**

Советот го разгледа и со 5 гласа „за" и еден воздржан глас од г-дин Трајчев го усвои Записникот од 30-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 08.08.2022 година, со текст како што беше предложен.

**Точка 3**

Г-дин Трајчевски ја образложи Предлог-информацијата до надлежниот орган во врска со наводите на радиодифузерот за повреда на неговите права. Објасни дека оваа недела, во средата, бил информиран од директорот на ТВ Канал 5 дека согласно неговите искажувања имаат спор околу авторските права за една серија, односно неколку серии во пакет со друга македонска телевизија, ТВ Сител, за кои што преговарале со турската национална телевизија ТРТ. Во таа насока барањето на ТВ Канал 5 е да АВМУ донесе времена мерка за забрана на емитување на наведените серии и да се информира надлежниот орган за авторски права а тоа е МВР. Усно им е укажано, а по завршување на седницата ќе бидат и писмено известени дека Агенцијата не може да донесе времена мерка за забрана за емитување затоа што за тоа е надлежен граѓанскиот суд, и доколку Канал 5 смета дека е потребна таква мерка треба да се обрати до граѓанскиот суд. Во однос на нивните наводи дека им се прекршени правата за одредени телевизиски серии се предлага Советот да го информира МВР без притоа да зазема страна дали и кои права се прекршени на било која од телевизиите. Надлежниот орган МВР во соработка со други органи ќе утврди дали има потреба за покренување на било каква постапка, а Канал 5 ќе треба во граѓанска постапка да си ги обезбеди правата за кои што смета дека му се нарушени. Г-дин Трајчевски дообјасни дека ваков случај имаше во 2014 година, скоро идентичен меѓу ТВ Алфа и ТВ Сител и

тогаш АВМУ ги достави материјалите до МВР и телевизиите ги упати да си ги решат проблемите во граѓанска постапка. Судот донесе времена мерка која што важеше до моментот на донесување на правосилна пресуда. Постапката и активностите што треба да ги преземе Советот сега се идентични со оние кои што ги преземал во 2014 година.

Г-дин Петрушевски рече дека се сеќава на тогашниот случај. Констатира дека материјалот по точката е многу обемен и отвори дискусија.

Г-дин Фиданоски рече дека материјалот по оваа точка е премногу обемен за детално прегледување од околу 220 страни и дека имал премалку време за да го разгледа прецизно. Наведе дека лично не е убеден дали АВМУ и Советот треба да бидат инволвирани во оваа материја што навлегува во деловен однос помеѓу субјекти кои што треба недоследностите или евентуалните прекршувања на тие договори да си ги бараат како што кажал и директорот Трајчевски во судска постапка. Не е убеден дека регулаторот треба да учествува во ваква материја и има дилеми дали треба воопшто да се направи ова што се предлага, но не вели дека не е исправно. Од тие причини, иако кажал директорот Трајчевски дека во минатото имало слично искуство, не би сакал Агенцијата да биде инволвирана во нешто што не би било пријатно по неа како институција во понатамошната фаза од евентуална постапка, но остава простор за дискусија која евентуално би се развила.

Г-дин Петрушевски се изјасни дека ќе го поддржи предлогот да се достави информација до МВР, затоа што во дописот од медиумот се наведува дека тоа што се случувало било спротивно на некои кривични акти и дека има прекршување на други закони за кои што лично не е стручен, ниту пак смета дека АВМУ и Советот имаат надлежност да носат оценување дали ова е спротивно на Закон или не. Во таа насока рече дека е во ред да се прифати предлогот да се достави информација со пропратна документација до МВР каде има постручни лица за оваа тематика односно за финансиски криминал или други работи за да проценат. Во однос на другите барања на ТВ Канал 5 рече дека не може да ги прифати затоа што смета дека не треба да си земаат толку големи овластувања за да можат да прекинат програма на друг медиум поради нивен меѓусебен спор, така што рече дека ќе остане на истиот став од 2014 година.

Советот на Агенцијата со 5 гласа „за" и еден воздржан глас од г-дин Фиданоски ја прифати предложената Информација бр.03-3119/2 од 11.08.2022 година до надлежниот орган во врска со наводи на радиодифузер за повреда на неговите права и донесе Заклучок да го информира Министерството за внатрешни работи на Република Северна Македонија во врска со наводите на Канал 5 Телевизија за повреда на нивните права, со доставување на целокупната документација што на 10.08.2022 година по електронски пат во АВМУ ја достави ТРД Канал 5 а која се однесува на проблемите со кои оваа телевизија се соочила при потпишување на договорите со турската национална телевизија ТРТ.

**Точки 4 и 5**

Раководителката на Секторот за стратешко планирање и авторски права м-р Магдалена Давидовска Довлева ги образложи Предлозите за изрекување мерка јавна опомена на операторот МТЕЛ од Скопје и ВИВА НЕТ од Берово за прекршување на член 141 од ЗААВМУ. Објасни дека при направен редовен надзор е констатирано дека и двата оператори емитуваат програмски сервиси кои не се регистрирани во

Агенцијата. Согласно Законот се предлага да им се изрече мерка јавна опомена и да им се наложи веднаш да го усогласат работењето со ЗААВМУ.

*Гласање по Точка 4*

Советот на Агенцијата го разгледа Писмениот извештај за извршен редовен програмски надзор, бр.11-3114/1 од 10.08.2022 година и едногласно заклучи на Друштвото за трговија и услуги МТЕЛ ДООЕЛ Скопје да му изрече мерка јавна опомена за прекршување на член 141 од ЗААВМУ и во согласност со точката 8 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година му наложи веднаш по приемот на решението за јавна опомена да го усогласи своето работење со ЗААВМУ.

Со надзорот беше констатирано дека Друштвото за трговија и услуги МТЕЛ ДООЕЛ Скопје, кој според нотификацијата од Агенцијата за електронски комуникации може да врши дејност на територијата на Република Северна Македонија, за своите корисници го реемитувал програмскиот сервис „Hustler", кој не е опфатен со потврдата за регистрација на програмските сервиси издадени од АВМУ, што е спротивно на член 141 од ЗААВМУ.

Секторот за правни работи да го изготви решението за изрекување мерка јавна опомена на наведениот оператор.

Секторот за стратешко планирање и авторски права по истекот на рокот определен во Решението за јавна опомена да изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (операторот) постапил по изречената мерка.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното решение да го објави на веб страницата на Агенцијата.

*Гласање по Точка 5*

Советот на Агенцијата го разгледа Писмениот извештај за извршен редовен програмски надзор, бр.11-3116/1 од 10.08.2022 година и едногласно заклучи на операторот ВИВА НЕТ од Берово да му изрече мерка јавна опомена за прекршување на член 141 од ЗААВМУ и во согласност со точката 8 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година му наложи веднаш по приемот на решението за јавна опомена да го усогласи своето работење со ЗААВМУ.

Со надзорот беше констатирано дека операторот ВИВА НЕТ од Берово, кој според нотификацијата од Агенцијата за електронски комуникации може да врши дејност на територијата на општина Берово и Пехчево, за своите корисници го реемитува програмскиот сервис „Sat 1", кој не е опфатен со потврдата за регистрација на програмските сервиси издадени од АВМУ, што е спротивно на член 141 од ЗААВМУ.

Секторот за правни работи да го изготви решението за изрекување мерка јавна опомена на наведениот оператор.

Секторот за стратешко планирање и авторски права по истекот на рокот определен во Решението за јавна опомена да изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (операторот) постапил по изречената мерка.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното решение да го објави на веб страницата на Агенцијата.

**Точка 6**

Раководителката Давидовска Довлева го образложи Предлогот за изрекување мерка јавна опомена на ТРД Плус Форте од Тетово за прекршување на член 15 од Законот за медиуми. Објасни дека овој радиодифузер не ги објави податоците во вториот предвиден рок на својата програма и не достави снимка. Но, веднаш откако се направи надзорот од радиодифузерот како што е предвидено во Законот се побара да се изјасни за ова прекршување и наместо известување РА Плус Форте ја достави снимката со што го отстрани прекршувањето. Со оглед на тоа дека тоа не го стори во предвидениот рок, предлогот е да се изрече јавна опомена, а потоа секторот ќе го направи и контролниот надзор.

Советот на Агенцијата го разгледа Писмениот извештај за извршен редовен административен надзор, бр.03-2920/1 од 25.07.2022 година и едногласно заклучи на ТРД ПЛУС ФОРТЕ ДООЕЛ Тетово да му изрече мерка јавна опомена заради прекршување на член 15 став 3 од Законот за медиуми, затоа што во вториот предвиден рок не ги објави на сопствената програма податоците за сопственичката структура, одговорниот уредник/уредници и за изворите на финансирање во претходната година (реклами, спонзорство, продажба на содржини, услуги обезбедени на трети страни и слично) и до АВМУ не достави снимка од објавата во рок од 15 дена од денот на објавување.

Во согласност со Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (пречистен текст) бр. 01-6039/1 од 20.10.2015 година, на ТРД ПЛУС ФОРТЕ ДООЕЛ Тетово му се наложи во рок од 45 (четириесет и пет) дена од денот на приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за медиуми.

Секторот за правни работи и јавни набавки да го изготви решението за изрекување мерка јавна опомена на наведениот радиодифузер.

Секторот за програмски работи по истекот на рокот определен во Решението за јавна опомена да изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот) постапил по изречената мерка (во целост, делумно или не постапил).

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното решение да го објави на веб страницата на Агенцијата.

**Точка 7**

Раководителката на Секторот за програмски работи м-р Емилија Јаневска го образложи Предлогот за изрекување мерка јавна опомена на ТРД ТВ ЕРА ДООЕЛ Скопје за прекршување на член 64 став 1 од ЗААВМУ. Објасни дека со редовниот програмски надзор реализиран во јули 2022 година е констатирано дека не го почитува член 64 став 1 односно јазикот на кој што треба да се емитува програмата. Констатирано е дека во едно музичко шоу наместо на албански или турски јазик, јазиците на кој што медиумот емитува програма според дозволата програмата е емитувана изворно на

англиски јазик. Оттаму се предлага изрекување на мерка јавна опомена со рок на усогласување согласно Упатството од 15 дена, а потоа ќе се изврши контролен надзор за да се провери дали се усогласил со законските одредби.

Советот на Агенцијата го разгледа Писмениот извештај за извршен редовен програмски надзор, бр.10-2860/1 од 19.07.2022 година и едногласно заклучи на ТРД ТВ ЕРА ДООЕЛ Скопје да му изрече мерка јавна опомена за прекршување на член 64 став 1 од ЗААВМУ затоа што на 5 јули 2022 година, шоуто „IC Star" се емитуваше изворно на англиски јазик, без да биде обезбеден превод на албански или на турски јазик, јазиците на кои што медиумот емитува програма согласно дозволата.

Во согласност со точката 5 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (пречистен текст) бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година, му се наложи во рок од 15 дена од денот на приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите на членот 64 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Секторот за правни работи и јавни набавки да го изготви решението за изрекување мерка јавна опомена на наведениот радиодифузер.

Секторот за програмски работи по истекот на рокот определен во Решението за јавна опомена да изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот) постапил по изречената мерка (во целост, делумно или не постапил).

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното решение да го објави на веб страницата на Агенцијата.

**Точка 8**

Раководителката Јаневска го образложи Предлогот за изрекување мерка јавна опомена на ТРД ТВ М Арнаудов Михајло Охрид ДООЕЛ за прекршување на член 64 став 1 од ЗААВМУ. Објасни дека со редовниот програмски надзор ова прекршување е констатирано и кај овој медиум на 5 јули 2022 година, во рамки на емисијата „TVB веб канал за деца и тинејџери" во блокот „Info Kids" емитуван е прилог изворно на англиски и германски јазик, без да се обезбеди превод на македонски јазик и во блокот „Info Teens" емитувани се предлози на пет странски филмови - *„Осмо одделение", „Лоши девојки", „Приказна за Пепелашка", „Never been kissed" и „13 going on 30"* изворно на англиски јазик, без да се обезбеди превод на македонски јазик. Оттука се предлага изрекување на мерка јавна опомена со рок на усогласување согласно Упатството од 15 дена, а потоа ќе се изврши контролен надзор за да се провери дали се усогласил со законските одредби.

Советот на Агенцијата го разгледа Писмениот извештај за извршен редовен програмски надзор, бр.10-2858/1 од 19.07.2022 година и едногласно заклучи на ТРД ТВ М Арнаудов Михајло Охрид ДООЕЛ да му изрече мерка јавна опомена за прекршување на член 64 став 1 од ЗААВМУ затоа што на 5 јули 2022 година, во рамки на емисијата „TVB веб канал за деца и тинејџери" во блокот „Info Kids" емитуван е прилог изворно на англиски и германски јазик, без да се обезбеди превод на македонски јазик и во блокот „Info Teens" емитувани се предлози на пет странски филмови - *„Осмо*

*одделение*", „*Лоши девојки*", „*Приказна за Пепелашка*", „*Never been kissed*" и „*13 going on 30*" изворно на англиски јазик, без да се обезбеди превод на македонски јазик.

Во согласност со точката 5 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (пречистен текст) бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година, му се наложи во рок од 15 дена од денот на приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите на членот 64 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Секторот за правни работи и јавни набавки да го изготви решението за изрекување мерка јавна опомена на наведениот радиодифузер.

Секторот за програмски работи по истекот на рокот определен во Решението за јавна опомена да изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот) постапил по изречената мерка (во целост, делумно или не постапил).

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното решение да го објави на веб страницата на Агенцијата.

**Точка 9**

Раководителката Јаневска го образложи Предлогот за изрекување мерка јавна опомена на ТРД ТВ ЕРА ДООЕЛ Скопје за прекршување на член 92 ставови 1 и 3 од ЗААВМУ. Објасни дека ова прекршување се однесува на обврската за емитување на македонски аудиовизуелни дела. Со редовниот програмски надзор реализиран во јули 2022 година кај ТВ Ера е констатирано дека наместо 30% македонски аудиовизуелни дела емитувал 18,56%. Исто така не го исполнува и вториот дел од оваа обврска, половина од македонски аудиовизуелни дела да бидат емитувани во периодот од 7,00 до 19,00 часот. Оттаму се предлага изрекување на мерка јавна опомена со рок на усогласување согласно Упатството од 30 дена, а потоа ќе се изврши контролен надзор за да се провери дали се усогласил со законските одредби.

Советот на Агенцијата го разгледа Писмениот извештај за извршен редовен програмски надзор, бр.10-2859/1 од 19.07.2022 година и едногласно заклучи на ТРД ТВ ЕРА ДООЕЛ Скопје да му изрече мерка јавна опомена за прекршување на член 92 ставови 1 и 3 од ЗААВМУ затоа што на 5 јули 2022 година, не емитуваше најмалку 30% програма изворно создадена како македонски аудиовизуелни дела, ниту пак најмалку половина од законскиот минимум изворно создадена програма како македонски аудиовизуелни дела, го емитуваше во периодот од 7,00 до 19,00 часот.

Во согласност со точката 6 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (пречистен текст) бр. 01-6039/1 од 20.10.2015 година, му се наложи во рок од 30 (триесет) дена од денот на приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите на членот 92 ставови 1 и 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Секторот за правни работи и јавни набавки да го изготви решението за изрекување мерка јавна опомена на наведениот радиодифузер.

Секторот за програмски работи по истекот на рокот определен во Решението за јавна опомена да изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на

надзорот (радиодифузерот) постапил по изречената мерка (во целост, делумно или не постапил).

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното решение да го објави на веб страницата на Агенцијата.

**Точка 10**

Раководителката Јаневска го образложи Предлогот за изрекување мерка јавна опомена на ТРД ТВ-СТАР ДОО Штип за прекршување на член 98 став 2 од ЗААВМУ. Објасни дека ова прекршување се однесува на условите за рекламирање и телешопинг. Конкретно прекршен е Правилникот за нови рекламни техники односно станува збор за несоодветно прекинување на програмата со реклами на поделен екран така наречени поп-ап/реклами. Согласно член 14 став 4 од Правилникот за нови рекламни техники потребно е меѓу две вметнувања реклами на поделен екран да помине период од најмалку 15 минути за да не се нарушува интегритетот на програмите и за да не се вознемири премногу публиката. Во премиерните и репризните изданија на играните серијали "Тајните на младите благороднички" и "Исчезнат", беа емитувани поп-ап/реклами на поделен екран меѓу кои не минува пропишаниот период од најмалку 15 минути. Оттаму се предлага изрекување на мерка јавна опомена со рок на усогласување согласно Упатството од 15 дена а потоа ќе се изврши контролен надзор за да се провери дали се усогласил со законските одредби

Советот на Агенцијата го разгледа Писмениот извештај за извршен редовен програмски надзор, бр.10-2930/1 од 25.07.2022 година и едногласно заклучи на ТРД ТВ-СТАР ДОО Штип да му изрече мерка јавна опомена за прекршување на член 98 став 2 од ЗААВМУ и на членот 14 став 4 од Правилникот за нови рекламни техники затоа што на 6 јули 2022 година, во премиерните и репризните изданија на играните серијали "Тајните на младите благороднички" и "Исчезнат", беа емитувани поп-ап/реклами на поделен екран меѓу кои не минува пропишаниот период од најмалку 15 минути.

Во согласност со точката 5 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка бр. 01-6039/1 од 20.10.2015 година, му се наложи во рок од 15 дена од денот на приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и Правилникот за нови рекламни техники.

Секторот за правни работи и јавни набавки да го изготви решението за изрекување мерка јавна опомена на наведениот радиодифузер.

Секторот за програмски работи по истекот на рокот определен во Решението за јавна опомена да изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот) постапил по изречената мерка (во целост, делумно или не постапил).

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното решение да го објави на веб страницата на Агенцијата.

**Точки 11 и 12**

Г-дин Петрушевски објасни дека Предлозите за дообезбедување средства потребни за реализација на договорите за јавна набавка на стока - Пијалаци за потребите на Агенцијата и Канцелариски материјали се последица на инфлацијата која секаде на сите полиња се забележува и цените се секаде зголемени.

Г-дин Трајчевски објасни дека овие точки се последица од претходната седница на која имаше ребаланс на Финансискиот план на Агенцијата за да се дооoбезбедат финансиски средства. Бидејќи точките се предложени кога бил на годишен одмор најави дека ќе ги образложи Раководителката на Секторот за поддршка на работата на директорот и Советот – Шеф на кабинет м-р Драгица Љубевска.

Раководителката Љубевска објасни дека со ребалансот се дообезбедија средства за овие две јавни набавки. Средства за пијалаци за потребите на Агенцијата се искористија од ставката за издатоци за репрезентација, додека за канцелариски материјали Советот гласаше за ребаланс на Финансискиот план минатата седница. За да се дореализира набавката за пијалаци потребни се 84 илјади и 500 денари и тие се предвидени во Финансискиот план за оваа година. Бидејќи набавката е на 2 години другата половина од овие средства ќе се предвидат во Финансискиот план за 2023 година. Не е потребна промена на Годишниот план за јавни набавки за 2022 година, но со оглед на тоа дека Советот дава одобрување за користење и располагање со имотот на Агенцијата, се бара одобрување за да се дообезбедат овие средства и да се прифати изменетата Одлука за потреба од јавна набавка бидејќи согласно Законот за јавни набавки треба да се промени одлуката за јавна набавка во случај кога има промена на вредноста. За набавката за Канцелариски материјали висината на средствата кои што треба да се дообезбедат се 45 илјади денари без ДДВ, односно како што беше кажано на минатата седница се направи ребаланс и се дообезбедија 55 илјади со вклучен ДДВ. Исто и за оваа набавка се бара одобрение за дообезбедување на средства и Советот да ја прифати изменетата одлука за јавна набавка.

*Гласање по Точка 11*

Советот на Агенцијата едногласно даде одобрување за дообезбедување на средства потребни за реализација на договорот за јавна набавка-стока: Пијалаци за потребите на Агенцијата, а следствено на тоа и за изменување на одлуката за потреба од јавна набавка, со текст како што беше предложена.

*Гласање по Точка 12*

Советот на Агенцијата едногласно даде одобрување за дообезбедување на средства потребни за реализација на договорот за јавна набавка-стока: Канцелариски материјали, а следствено на тоа и за изменување на одлуката за потреба од јавна набавка, со текст како што беше предложена.

**Точка 13**

**Разно**

Г-дин Јанчески постави прашање во врска со претходната точка бидејќи беше кажано дека треба да се дообезбедат 45 илјади денари без ДДВ за канцелариски

материјали односно 55 илјади со вклучен ДДВ. Објасни дека според негови пресметки треба да стои 53 илјади денари со вклучен ДДВ, а не 55 илјади денари.

Г-дин Трајчевски објасни дека во Годишниот план за јавни набавки сумите се ставени без ДДВ. Наведе дека најважна е сумата од 45 илјади денари и нема да биде прифатена никаква фактура со повеќе од 18% ДДВ.

Раководителката Љубевска објасни дека измената на Финансискиот план беше на 55 илјади и претпоставува дека малку повеќе средства се предвиделе за оваа набавка. Додаде дека во образложението направила само паралела со ребалансот на Финансискиот план и потребата за дообезбедување на средства.

Бр. 02-3118/12

18.08.2022 година
Скопје

Агенција за аудио и
аудиовизуелни медиумски услуги
Претседател на Советот

Лазо ПЕТРУШЕВСКИ